# ПОВИК

за експерт/ка за изработка на документ за политики (policy brief)

Здружението за еднакви можности „Мрежа Стела“ во рамките на проектот „Застапување за економско омоќување на жените: Еднаков пристап до можностите за финансиско осамостојување“ како дел од билатералната програма за субгрантирање на женски граѓански организации спроведувана од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство со финансиска поддршка од Kvinna till Kvinna Foundation **објавува повик за експерт/ка за изработка на документ за политики (policy brief) за економските можности на жените и девојките во земјата преку финансиските ресурси достапни за економско омоќување.**

## Опис на активноста

Целта на проектот е да се направат долгорочни стратегии за подобрување на состојбата на жените и девојките при вработување и олеснување на предизвиците со кои се соочуваат на работните места, како и претставување на еднакви можности и насоки за искористување на постоечките политики и подобрување на сегашните.

Фокусот на стратешкиот документ за политики (policy brief) потребно е да биде на економски предизвици на жени и девојки, (самохрани мајки, жени земјоделки, жени кои преживеале насилство и други жени со намален пристап кон можности), анализа на плановите и мерките за самовработување и вработување, субвенцинирано вработување, можности за искористување на финансиски олеснувања, пристап до фондови за започнување на бизнис, оперативни планови за стартапи како и препораки за работодавците за поголема отвореност кон реалните предизвици на жените.

## Работни задачи и очекувани резултати

Заради исполнувањето на ангажманот, експертот/ката ќе треба да ги спроведе следниве работни задачи:

- Да изработи краток документ за политики (policy brief) (околу 3-4000 зборови) на **македонски или албански јазик** што ќе ги содржи достапните мерки за самохрани мајки, жени земјоделки, жени кои преживеале насилство и други жени со намален пристап кон можности за самовработување на пазарот, субвенционирано вработување, пристап до фондови за започнување на бизнис и финансиски олеснувања во државата како и оперативни планови за стартапи, како еден вид дополнување на постоечкиот „ПРИРАЧНИК за девојки и жени со потребни

информации за достапни можности за поддршка за самовработување или започнување сопствен бизнис“ од „Мрежа Стела“;
- Во документот треба да бидат формулирани препораки кои се применливи и изводливи за државните институции со цел подобрување на политиките за самовработување, субвенционирано вработување и одржување сопствен бизнис, како и препораки за работодавците за поголема отвореност кон реалните предизвици на жените.
- Да даде експертско мислење со конечни заклучоци од направениот документ за политики;
- Да соработува со проектниот тим на „Мрежа Стела“ во изработката на овој документ согласно предложената временска рамка, во координација со проектниот тим.

Преку таргетирано наведување на препораки за државните институции за олеснување на процесот на апликација за поддршка, но и посочување на родовиот јаз во приватниот сектор, стратешкиот документ, преку кампања за застапување ќе биде претставен во јавниот простор но и кон крајните целни групи. Документот за политики ќе се користи од „Мрежа Стела“ за застапување на жените во С. Македонија во однос на претставување на економските можности и нивно финансиско омоќување.

**Временска рамка и плаќање**

Работниот ангажман трае 30 дена, почнувајќи од 15.04.2024 година додека пак документот за политики треба да е подготвен и финализиран заклучно со 15.05.2024 година.

Финансискиот надоместок предвиден за изработка на документот за политики е во висина од 49.500 денари бруто.

**Профил и потребни квалификации**

Експертот/ката за изработка на полиси брифот треба да ги исполнува следните квалификации:

- Завршено високо образование во област релевантна за овој повик;
- Познавање на економските можности на пазарот и мерките за самовработување, достапноста на мерките за финансирање и олеснување за започнување на сопствен бизнис или старт-ап;
- Искуство во изработка и подготовка на анализи, извештаи, прирачници, упатства и слично;
- Развиени истражувачки и аналитички вештини;
- Напредно познавање и служење со англиски јазик.

**Начин на пријавување, потребни документи и контакт лице**

Доколку сте заинтересирани за аплицирање за подготовка на документот за политики (policy brief) и ги исполнувате наведените услови потребно е да се достави CV/кратка биографија и методологија, како и 5 анализи, извештаи или прирачници кои сте ги изработиле.

Потребните документи треба да се доставaт во електронска верзија на info@stella.mk со назнака **Апликација за експерт/ка за изработка на документ за политики за економско зајакнување на жените и девојките**. Рокот за аплицирање е заклучно со 10.04.2024 година 23.59 часот.

Контакт лице во врска со објавениот јавен повик е Марта Стевковска, координаторка на проектот, е-пошта: tanevska.marta@gmail.com, тел: +389 75 733 094.